# МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА НУГЗВО ГУП ОПФАТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ ЗА 2016 ГОДИНА

**Трошоци за заедничка комунална потрошувачка**

Висината на трошоците за изградба на инфраструктурни објекти за заедничка комунална потрошувачка, се утврдуваат како процентуален дел од основицата и е дадена во следниот табеларен преглед:

| КОМПЛЕКСИ И ЗОНИ | | Основни комуналии + пречистителна станица | Погодност- бонитет на локалитетот (комплекс) | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Станбен простор | Деловен или друг простор |
| 1 | | 2 | 3 | 4 |
| 1 | **Дел 1,** | 21%+1%=22% | 4,0% | 10,0% |
| 2 | **Дел 2,** | 19%+1%=20% | 2,0% | 8,0% |
| 3 | **Дел 3** | 17%+1%=18% | 1,5% | 4,0% |
| 4 | **Дел4-а и Дел 4-б** | 15%+1%=16% | 1,0% | 2,0% |

За финансирање на расчистување и проектирање на пречистителна станица на ниво на град, Градот и сите Општини во градот, наплатуваат процентуален дел од основицата во висина од 1%.

**Трошоци за индивидуална комунална потрошувачка**

Трошоците на изградба на инфраструктурни објекти за индивидуална комунална потрошувачка, се утврдуваат како процентуален дел од основицата и тоа:

- Водоводна мрежа - **1,5%**
- Фекална канализациона мрежа - **1,5%**
- Топлификациона мрежа - **3,2%**

При склучување на Анекс–договори за разлика во површина, доколку во Основниот договор е пресметан надоместокот за ниско–напонска електрична мрежа, истиот ќе се пресмета и во Анекс–договорот во висина од **2,3%** од утврдената основица на денот на склучување на Анекс - договорот. Доколку во основниот договор е пресметан и надоместок за ТТ - мрежа, при склучување на анекс- договор за разликата на површина на објектот, овој надоместок ќе се пресмета во висина од 1% од утврдената основица, на денот на склучување на истиот.

**Трошоци за поранешно расчистување**

Во висината на надоместокот се пресметуваат и трошоците што корисникот е должен да им ги надомести на Градот и Општина Гази Баба за поранешно расчистување на градежната парцела пресметани во реален износ и по тековни цени.

Трошоците за поранешно расчистување на конкретна градежна парцела, исплатени од градот и Општина Гази Баба опфаќаат:

- Надомест за одземено земјиште и за експроприрана или национализирана недвижност, што е исплатен;
- Трошоци за селидба, уривање на експроприраните и национализираните објекти, како и евентуални трошоци за расчистување и санација на теренот на конкретна градежна парцела;
- Дополнително утврдените трошоци направени во претходниот период за расчистување на конкретната градежна парцела, кои не се опфатени со основниот договор и не се регулирани со анекс- договор.

Во трошоците за расчистување на градежна парцела не се пресметува вредноста на општествените станови, направените трошоци за тековно одржување и доведување во исправна состојба на становите, односно деловниот простор, дадени за раселување на поранешните сопственици или станари.

**Распределба и начин на плаќање**

Надоместокот се распределува во следниот сооднос:

- ➲ **60%за Град Скопје** за изградба на инфраструктура од значење за Град Скопје утврдена со ГУП и
- ➲ **40%за Општина Гази Баба** за изградба на секундарна инфраструктура утврдена со ДУП.